ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНИ ИНИЦИЈАТИВИ

НАДЕЖ

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА 2025



“Да го промениме светот.Да подариме надеж!“

Почитувани поддржувачи на Ц.С.И.Надеж,

Во текот на 2025 година Ц.С.И. Надеж продолжи да ги следи целите и заложбите за подобрување на состојбата на целната група преку разни активности и проекти. 2025 година ја започнавме со имплементирање на 8 проекти,некои штотуку започнати,а некои со продолжени активности од 2024 година.
Во текот на годината 1 волонтер и 1 практикант беа вклучени во нашите активности, согласно можностите и потребата на делување на организацијата.
Делувањето на Ц.С.И. Надеж продолжи да се реализира на локално, регионално, национално и интернационално ниво,залагајќи се за стратешките цели и проширувајќи ги можностите за соработка. Ц.С.И. Надеж склучи 9 меморандуми за соработка со училишта, институции, невладини организации, кои се клучен дел за поопфатно вклучување на засегнатите целни групи.
По согледување на потребата ЦСИ Надеж да аплицира за давател на социјални услуги за континуитет на нашите активности со деца кои не би зависеле од донаторски грант, 2025 ја посветивме на адаптација на нашиот Центар со цел да се лиценцира, а потоа истиот финансиски да биде поддржан од Министерство за социјална политика, демографија и млади. Постапката е започната во 2024 година, но се уште е во тек.
Ц.С.И. Надеж брои 7 вработени. Сите членови на тимот беа дел од голем број на случувања и настани, каде се промовираше нашата работа и ни донесе успешни соработки за партнерски делувања на одредени теми. Претседателот, Управниот и Надзорниот одбор со взаемна соработка постојано се вклучени во донесувањето одлуки, кои се клучни за функционирањето на организацијата.

Сопочит,
Тимот на Ц.С.И. Надеж

ЛИЧНА КАРТА НА Ц.С.И.НАДЕЖ

ВИЗИЈА

Квалитетно живеење и економска благосостојба за маргинализираните заедници Во Северна Македонија

МИСИЈА

Здружение Ц.С.И.Надеж Скопје е граѓанска организација која активно се залага за подобрување на квалитетот на живот преку овозможување еднаков пристап до квалитетно образование, социјална интеграција и која промовира и реализира активности за стекнување на вештини на младите и маргинализираните заедници со фокус на Ромите во Р.Северна Македонија

НАШИВРЕДНОСТИ:

Социјална правда

Еднакви образовни можности

Учество на младите

Родова еднаквост

Зајакнување

Еднаквост


СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

1. Овозможување на воспитно-образовна поддршка на деца и млади од маргинализирани семејства за полесно совладување на содржините во училишното и предучилишното образование;

2. Поддржување на ре-интеграцијата и вклученоста на повратниците од Европските земји во локалните заедници;

3. Зголемување на вклученоста на младите во локалните заедници;

4. Подобрување на социјалната вклученост на маргинализираните групи преку концептот на социјално претприемништво



ШТО РАБОТИМЕ

ЦСИ НАДЕЖ–ДАВАТЕЛ НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

Од самиот почеток на своето постоење, ЦСИ Надеж спроведува активности со маргинализирана група деца, односно деца со низок социо-економски статус. Но и покрај постигнатите услови, нашата организација досега не можеше да ги исполни условите кои беа потребни за аплицирање за државна акредитација а со што би се обезбедил континуитет на нашите активности кои не би зависеле од донаторски грант, кој најчесто е за пократок временски период.

Минатата година поднесовме барање за лиценца за давател на социјални услугии поради недостиг на финансиски средства не успеавме да ги исполниме сите услови според Законот за Социјална заштита и Правилникот за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање на социјалните услуги на дневен престој, рехабилитација и реинтеграција и ресоцијализација. Односно ни недостасуваа средствада ја решиме пристапноста на објектот за лицата со попреченост. Овој критериум како и континуираното работење со деца во ризик и нивните семејстваи во 2025 година се исполни со помош на грантот добиен од Фондот за мисии на епархијата Есен– Германија.



Децата кои доаѓаа кај нас имаа можност да поминат безбеден и топол дел од денот и да бидат дел од средина каде што се чувствуваат прифатени и вредни. Во центарот се реализираа активности како што се: дневно згрижување, исхрана, одржување на лична хигиена,индивидуалниактивностиза стекнување животнивештини, воспитни, социјални, културни и рекреативни активности, превентивни активности, образовна поддршка, социјална поддршкана родителите на децата и др. сродни активности во зависност од потребите на корисниците.



Покрај работата со децата, нашиот тимработеше континуирано и со родителите.Тимот беше постојано на терен, ги посетувашесемејствата во нивните домови, разговараше со нив и ги слушаше нивните потреби. Сето тоа беше насочено најмногу кон подобро родителство и ублажување на доминацијата на традиционалните корени и норми, за полесно да се справуваат со секојдневните предизвици и да им дадат подобра поддршка на своите деца. Понуди за работа, асистирање во остварување на права, пополнети барања за остварување на права од социјална/детска заштита,информирање и упатување до институции, закажување термини – се само дел од помошта која се даваше на семејствата. Секојдневно се обидувавме овие семејства да се почувствуваат дека не се сами, дека веруваме во нив и да ги убедиме дека постои можност за подобар живот.



Воедно организирани се и иницијативи за донации на облека, обувки, хигиенски производи и новогодишни пакетчиња со училишта, Центар за Јога, општествено одговорни компании и физички лица, како дел од подобрувањето на условите за живот.



333–ЗАЕДНИЧКИ ЗА ЗЕЛЕНО ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Проектот 333 - Заеднички за зелено застапување за заштита на животната средина започна со реализација на 01.12.2023 година и ќе трае до 30.09.2026 година.Проектот се спроведува партнерски од страна на Центар за младински активизам ЦМА КРИК, Скопје како организација - носител на проектот и Центар за социјални иницијативи НАДЕЖ, Скопје и Здружение на социјални работници на Македонија – ЗСРМ, Скопје како партнерски организации.Проектот е финансиран од владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас програмата, што ја спроведуваат Македонскиот центар за меѓународна соработка - МЦМС, НИРАС од Данска и ФЦГ од Шведска. Проектната идеја е обид да се пилотира и воведе зелената социјална работа и социјалната трансформација како холистички перспективи што се стремат да ја поддржат благосостојбата на луѓето во надминувањето на постоечките климатски промени и одржување здрава животна средина. Активностите се засноваат на застапување и спроведување на концептот на право на здрава животна средина за сите, преку зелена социјална работа и потреба од социјалнатрансформацијаза справување ирезилиентностод овие промени.Главната цел на проектот е Воведување на еколошката т.н. „зелената“ перспектива во стручната социјална и младинска работа, како една од клучните перспективи за заштита на животната средина,новоедноиза градење инклузивно и демократско општество за сите.

Во 2025 година во рамките на проектот 333 - Заеднички за зелено застапување за заштита на животната средина се реализираа следниве активности:

- *Изработка на Прирачник за обука за зелено застапување и спроведување зелени локални иницијативи*
- *Спроведување Обука „Зелено застапување преку зелена социјална работа и зелена младинска работа“*
- *Започнат е процесот за Менторска поддршка за развивање методологија за планирање и спроведување зелени иницијативи за заштита на животната средина и отпорност кон климатските промени, со вклучување на млади и ранливи категории млади, како и млади со помалку можности, со атипичен развој, млади девојки и жени од руралните средини, Роми на возраст од 15 до 29 години.*
- *Започнат е процесот за спроведување на локални иницијативи во сите 8 плански региони во Македонија*

**Сите проектни активности се достапни на проектната интернет страница https://zzz.org.mk/*



КОН ЕДНАКВА ИДНИНА ЗА ДЕВОЈКИТЕ И ЖЕНИ РОМИ

Овој предлог-проект започна со имплементација во јануари 2024 година во времетраење од 18 месеци а заврши во јуни 2025 година . Проектот беше финансиран од Светски ден на молитвата на жените (WWDP), Германски комитет. Целта на проектот беше да се подобри пристапот до квалитетно СТЕМ образование за деца од предучилишна возраст Роми и да се зајакнат младите Ромки со обука за дигитални вештини за да ја подобрат нивната вработливост и економска независност.Проектот беше наменет за 20 деца од предучилишна возраст на возраст од 4-5 години,40 Ромки на возраст од 18-35 години и 40 семејства.

Во 2025 година од вкупно 26 вклучени деца, 22 (12 девојчиња и 10 момчиња) се запишаа во прво одделение, додека 4 помлади деца ќе се запишат следната 2026 година.




Од експерт беше креирано видео за промоција на вклучувањето на STEM во предучилишното образование беше споделено преку социјалните мрежи на ЦСИ Надеж, насочено кон јавната градинка во Шуто Оризари и слични образовни центри. Без никаква платена промоција, видеото имаше приближно 2.000 прегледи, помагајќи да се подигне свеста за важноста на раното STEM образование во поттикнувањето на родовата еднаквост.



Во втората година од проектот, успешно имплементиравме програма за обука за дигитална писменост, насочена кон јакнење на 40 млади жени Ромки за подобрување на нивниот пристап до пазарот на трудот. Сите учеснички беа идентификувани во текот на првата година и ја завршија обуката. Сесиите беа организирани во мали групи за да се обезбеди персонализирана поддршка, особено затоа што многумина имаа ограничено или никакво претходно искуство со компјутери.

Обуката опфаќаше користење на интернет, онлајн комуникација, дигитална безбедност и вештини за аплицирање за работа.Учесниците креираа е-пошта,сметки,развија

биографии и мотивациски писма и вежбаа интервјуа за работа преку симулации. За многумина, ова беше нивното прво искуство со користење на компјутер, па затоа беше обезбедено индивидуално водство за да им се помогне да изградат самодоверба и вештини. Обуката, исто така, вклучуваше истражување на можностите за работа врз основа на нивните потреби и интереси, со 30 релевантни огласи за работа и споделени услуги за поддршка.



Како резултат на тоа:

-8 жени обезбедија вработување со поддршка од проектот, 5 се на пробација, а 3 чекаат одговори од апликациите.

-4 учеснички, кои моментално завршуваат средно медицинско училиште, стекнаа вредни вештини и се чувствуваат поподготвени за идно вработување.

-13 жени не бараа работа поради лични пречки - некои поради традиционални ограничувања од сопружниците, а 6 поради бременост или обврски за грижа за деца.

-12 жени пронајдоа неформална, скратено работно време работа за да ја одржат подобноста за социјална помош или поради потребата од флексибилно работно време,но сега се подобро опремени за формално вработување во иднина.



АМИФ-РЕИНТЕГРАЦИЈА НА ПОВРАТНИЦИ ОД БЕЛГИЈА

Целта на проектот е пружање реинтеграциона поддршка на лица повратници од Белгија, по нивното враќање во Македонија, во времетраење од 12 месеци.

Услугитезареинтеграцијавклучуваат:

• Основна помош по пристигнувањето (пречек од аеродром, итно или привремено сместување, правна, административна и социјална поддршка итн.)

• Социјална поддршка (контакт со социјалната мрежа на повратникот/посредување, образование и школување за повратникот и неговите/нејзините деца, стручно оспособување);

• Помош на ранливите повратници (како што се болни луѓе, стари лица, експлоатирани мигранти, бремени жени, нивно упатување до специјализираните служби според посебните потреби на повратникот: медицинска, психосоцијална грижа и сл.).

• Помош за започнување мал бизнис или советување за работа (поддршка на лицата или семејствата да основаат активност за генерирање приход (купување стоки, изнајмување локација итн.)

• Помош на малолетници без придружба

Во текот на 2025та година во рамки на програмата беше пружена реинтеграциона поддршка на **12** случаи/семејства повратници од Белгија.




ЕВРОПСКА ПРОГРАМА ЗА РЕИНТЕГРАЦИЈА

Европската Програмата за реинтеграција на Фронтекс предвидува обезбедување помош за реинтеграција на повратниците кои заминуваат на доброволна или недоброволна основа од земјите-членки и земјите поврзани со Шенген, во нивните земји на потекло. Во исто време, придонесува за ефективна политика за враќање во Европската унија, обезбедувајќи враќањето да се врши на достоинствен и хуман начин. За спроведување на оваа помош, Фронтекс склучи партнерство со CARITAS International Belgium кој соработува со ЦСИ НАДЕЖ во СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за да осигура обезбедување на високо ниво на поддршка (помош по пристигнувањето и помош по враќањето).

АКТИВНОСТИ

- Јакнење на организациските капацитети за работа со повратниците од земјите членки преку EURP програмата (обуки на проектниот тим за работа во специјализираната платформа RIAT преку која се реализираат сите проектни активности, како и активности за вмрежување на сите партнери учесници во проектот)
- Реинтеграциони пакети-Реинтеграционата поддршка се состои од два вида пакети:
    - Краткотраен пакет во времетраење од 14 дена (помош при пристигнување), кој ги вклучува следните достапни услуги: пречек на повратникот на аеродром, организирање превоз до местото на живеење/сместување,привремено или итно сместување во времетраење од максимум 14 дена по пристигнувањето, медицинска поддршка по пристигнувањето;
    - Долготраен пакет во времетраење до 12 месеци (помош по враќањето), кој ги вклучува следните достапни услуги: долготрајно сместување, медицинска поддршка,образование(школување, тренинг/доквалификација), советување за вработување и поддршка за пристап до пазарот на труд, правна помош, психосоцијална поддршка,поддршка за започнување мал бизнис.

Во текотна 2025год во рамкина програмата беа вклучени 30 случаи,од кои на сите 30 им беше пружена реинтеграциона поддршка (помош по враќањето),а на 29случаи и пакет за помош при пристигнување.





ОБЛИКУВАЊЕ НА ИДНИНАТА/ИМПРЕСИВНА ЕУ

И оваа година Ц.С.И. Надеж беше вклучена како партнер во 2 проекти, финансирани од Еразмус плус програмата,а имплементирани,како носител на проектите, од европската мрежа Европски креатори на промени, предводена од Образование за меѓузависен свет (EDIW), меѓународна асоцијација создадена во 1996 година со седиште во Брисел и други 11 национални организации кои припаѓаат на десет европски земји.

И двата проекти започнаа со имплементација на 01.01.2025година.

Првиот проект е проектот„**Обликување на иднината**“

Цел на проектот: Зајакнување на младите преку учење за европски вредности и демократија.

Активност:

- Реализирани работилници сомладиод 17до25 години за осамостојување и нивно вклучување на пазарот на труд

Целта на вториот проект, “**Импресивна ЕУ**”, беше промовирање на животот, културата,традициите,јазикот и образованието на Ромите во Македонија и европските земји, со посебен акцент на зајакнување на европските вредности во рамките на ромските заедници.

Реализирана активност во рамките на овој проект:

- Осмислување, подготовка и реализација на видео материјал со интервјуа со успешни Роми во Македонија во делот на образование,култура,млади,јазици традиција, како и организации кои работат со Роми во делот на реинтеграција и ресоцијализација на повратници од странство.

ЈАС,ТУКА И СЕГА!

Проектот „Јас, тука и сега“ започна со имплементација во март 2025 година и траеше 3 месеци, а истиот беше финансиран од Буџетот на општината Гази Баба за 2025 година.Цел на проектот е јакнење на менталното здравје преку креативно изразување и самооткривање.

Преку еднодневна работилница, млади девојки се стекнаа со практични алатки за справување со стресот, начини за подобрување на своето ментално здравје и развивање на чувство на заедништво и поддршка. Активностите вклучија краеативен процес за безбеден излез на емоции и искуства,помагајќи да се обработат и ослободат затворените чувства, како и практикување на јога и техники на дишење со што кај учесничките придонесе намалено ниво на стрес и анксиозност, подобрена емоционална стабилност и зголемена самосвест и поврзаност со своето тело.



Поддржано од

ОпштинаГазиБаба

МОБИЛИЗАЦИЈА НА ДОПОЛНИТЕЛНИ РЕСУРСИ ПРЕКУ ХУМАНИТАРНИ/ДОБРОТВОРНИ АКЦИИ

1. GLOBALGIVING

Во текот на 2025, ЦСИ НАДЕЖ работеше на промоција на својот проект Give education to60 vulnerable Roma children - GlobalGiving на платформата Global Giving, со цел мобилизирање на дополнителни ресурси за континуирано реализирање на активностите на Едукативниот Центар НАДЕЖ.

Благодарение на донациите на индивидуалци од целиот свет, во текот на 2025 год. беа собрани 1536 $ во рамки на платформата. Сретствата беа искористени за реализирање на активности со деца во Едукативниот Центар НАДЕЖ во Шуто Оризари.



2. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА GIVING TUESDAY(ДарежливВторник)

Во текот на 2025 година ЦСИНАДЕЖ како дел од глобалното движење Дарежлив Вторник, учествуваше на бројни настани и сесии за вмрежување со глобалното Giving Tuesday семејство, а континуаирано работеше и на промоција на националното движење во Македонија.

Одбележувањето на Дарежлив Вторник во нашата земја опфати повеќе иницијативи и настани, вклучувајќи:

- ➔ 20 Ноември 2025–Хуманитарна акција во соработка со Rebloom Yoga Skopje,за донирање на облека и обувки на 20 семејства во социјален ризик кои се корисници на услугите на Едукативниот Центар НАДЕЖ;



- ➔ 30 Ноември 2025 –**Хуманитарен настан ДОБАР ДЕН**, во соработка со **Комбо, Комшилук, Europe House, Легис, Љубезност и млади уметници**, кој обедини еколошки, хуманитарни, едукативни и културни активности:

• Спроведена утринска еколошка акција во шумски парк (чистење и прошетка) со цел подигање на свеста за заштита на животната средина;

• Организирана хуманитарна продажба на рачно изработен накит и предмети од втора рака за поддршка на деца од социјално ранливи семејства;

• Собрани и распределени донации (храна, облека, обувки, постелнина и предмети за домаќинство) за Центар за поддршка на бездомни лица;

• Реализирана едукативна работилница за везење со млади учесници и изложба на млади уметници (илустрации, визуелни и звучни дела);

• Поттикнато заедничко дружење и социјална интеракција во заедницата.



➔ Изработени празнични честитки од децата од **Едукативен Центар НАДЕЖ** и **Дневен Центар за деца на улица**, и спроведени креативни и интерактивни активности со корисници на **Домот за стари лица Идила Терзиева**, со што беше создадена позитивна и поддржувачка атмосфера.



3. ОСТАНАТИ АКЦИИ ЗА МОБИЛИЗАЦИЈА НА ДОПОЛНИТЕЛНИ РЕСУРСИ

- **Quinshift Company – project Snow** донираа парична поддршка за материјали потребни за реализирање на едукативни и креативни активности за програмата за предшколска возраст;
- **YahyaCemalCollege**–новогодишни пакетчиња за 25деца од социјален ризик;
- **AngelTree**-активност за собирање на пакетчиња базирани на желби на 35деца од социјален ризик;
- Хумана акција за новогодишна радост во соработка со **Македонска Медицинска Асоцијација**–на која беа обезбедени новогодишни и пакетчиња и играчки за децата од Центарот;
- Нашиот волонтер од **Мировен Корпус – Бен** и негови пријатели донираа хигиенски пакетчиња за децата од Центарот.



ПРАКТИКАНТСТВО И ВОЛОНТЕРСТВО ВО ЦСИ НАДЕЖ

Во текот на 2025 година продолжи нашата соработка со **Мировен Корпус**. Волонтерот **Бенџамин Арнт** ја заокружи и втората година од својата служба во нашата организација и учествуваше во активностите кои се реализираа со децата во Центарот.
При крајот на оваа година реализираше донаторска акција со која обезбеди хигиенски пакетчиња за деца од социјален ризик кои го посетуваат нашиот Центар.



ЦСИ НАДЕЖ во соработка со **Институт за социјална работа и социјална политика**, ја спроведува програмата за практиканска работа на студенти од овој институт. Во периодот Март - Мај 2025, **студентката Дилек Ибраимова** реализираше практична работа во рамки на нашата организација. Таа беше вклучена во работата со деца на предшколска возраст во Едукативниот центар НАДЕЖ, како и се запозна одблизу со останатите проекти со кои работи нашата организација на поле социјална заштита.





МОЖЕТЕДА НЁ СЛЕДИТЕ И НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ

ВЕБ СТРАНА http://www.csinadez.mk/

INSTAGRAM http://www.instagram.com/zcsinadez/

FACEBOOK https://www.facebook.com/C.S.I.Nadez

YOUTUBE http://www.youtube.com/csinadezmk

LINKEDIN http://www.linkedin.com/company/centre-for-social-initiatives-nadez/?viewAsMember=true/